**М-р Илија ЈОВАНОВ**[1]

# ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈА НА КАЗНАТА ЗАТВОР И ПРОУЧУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТА НА ДЕЛИКВЕНТОТ ВО ФУНКЦИЈА НА НЕГОВА ПРАВИЛНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.261:[343.22:159.923.2**
**343.261:343.848**

**Апстракт**

Злосторството и казната се поврзани како причинско-последични корелативи за обезбедување стабилна и хармонична коегзистенција на луѓето во одредено општество. Лишувањето од слобода е една од најголемите моќи што ги има една држава. Затоа таа моќ треба да се извршува со почитување на владеењето на правото и човековите слободи и права. Во казненото право важи принципот дека секое лице што ќе стори казнено дело и кое е казнено одговорно треба да биде и соодветно санкционирано. Одлуката дали ќе биде изречена казна или, пак, обвинетото лице ќе биде ослободено ја донесува независен и непристрасен суд воспоставен со закон преку претходно спроведување фер и правична постапка. Доколку постојат доволно докази со кои се докажува вината на конкретно обвинето лице за сторено конкретно кривично дело, при одредувањето и одмерувањето на казната, судијата со примена на начелото на слободно судско уверување ги одредува видот и висината на казната со која би се оствариле целите на казнувањето, а со тоа се остварува принципот на индивидуализација на казната. За овој принцип може да се каже и дека е постулат на казненото право. Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот. Процесот на ресоцијализација на осудените лица, пак, претставува основна функција на казнено-поправната и воспитна-поправната установа.

**Клучни зборови:** *казна, затвор, осуденици, ресоцијализација.*

## ВОВЕД

Казната затвор беше воведена во казнениот систем како многу прогресивна казна што ги замени дотогашните казни што вклучуваа телесно казнување и сакатење, а значително го намали изрекувањето на смртната казна. Таа успеа да се избори за доминантно место во законодавствата и да прерасне во најстрога, но и најфреквентно изрекувана казна.[2]

Станува сè потешко да се верува дека изрекувањето на казната затвор претставува ефикасно средство за сузбивање на криминалитетот. Се чини дека затворањето нуди само две предности: спречување на осудениците да извршуваат понатамошни кривични дела и гаранција дека тие навистина ефективно ќе ја отслужат изречената казна.

Сепак, во пенолошката наука добро се познати и недостатоците на казната затвор: нарушувањето на семејните, социјалните и професионалните врски на осуденото лице,

---

[1] Авторот е магистер по правни науки од областа на казненото право и магистер на безбедносни науки. Докторанд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Е-пошта: ilija_jovanov@yahoo.com.
[2] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи на затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 29.

можноста за „криминална инфекција“ преку контактите со други осудени лица при престојот во затворската установа, како и неможноста за вистинска ресоцијализација, односно подготвување за живот на слобода во неслободна средина. Токму поради овие недостатоци на казната затвор се јави потребата од воведување санкции и мерки што ќе ја остварат целта на казнувањето, но без лишување од слобода на осуденото лице.

Дополнително, мора да напоменеме дека пропорционалноста на ретрибуцијата како цел на казната затвор е ограничена со почитувањето на првото на живот и слободата од тортура. И покрај целта да се казни сторителот на кривичното дело, одговорот на општеството не смее да го негира или да ги одземе достоинството и интегритетот на поединецот.

Токму затоа, во основните начела на Законот за извршување на санкциите[3] е предвидено дека при извршувањето на казната затвор мора да се заштити психофизичкиот и моралниот интегритет на осуденото лице и да се почитува човековата личност и достоинство. Исто така, забранет е секој облик на мачење, нечовечно или понижувачко однесување и казнување. Истовремено, при извршувањето на казната затвор мора да се обезбедува правото на лична сигурност на осуденото лице и самопочитувањето на неговата личност.

## 1. ЗА ПОТРЕБАТА ОД ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈАТА НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Со многубројните реформи на затворскиот систем низ историјата на казнувањето се забележува и еволуција на целите на самата казна затвор. Теориите варираат од Бекарија во XVIII век (Cesare Beccaria: *On Crimes and Punishment*, 1764), па сè до Фуко во XX век (Michel Foucault: *Discipline and Punish, The Birth of the Prison*, 1977). Меѓутоа, иако во различни периоди се различно застапени, се провлекуваат четири основи цели на казната затвор, и тоа: ретрибуција, рехабилитација, ресоцијализација и превенција. Во овој труд вниманието е насочено кон ресоцијализацијата.

Казната лишување од слобода има најзначајно место во системот на кривичните санкции. Таа е таква кривичноправна мерка што од нејзиното воведување, па сè до денес е предвидена за најголем број кривични дела и е претставена како главно средство што може да ја оствари заштитата на општеството од криминалитетот, праведноста во казнувањето и воспитувањето, превоспитувањето или поправањето на лицата спрема кои е изречена. Широките можности на нејзиното изрекување и честата примена во судската практика најчесто се оправдуваат токму од аспектот на можностите за најцелосно остварување на поливалентните криминално-политички цели. Во тој контекст се наведува нејзиното својство да ги обедини најголемиот број карактеристики што треба да ги задоволи една кривична санкција. Таа лесно се индивидуализира според тежината на делото и својствата на сторителот зашто може да се изрече во различно времетраење. Таа е отповиклива, нејзиниот персонален карактер доаѓа до поголем израз одошто кај останатите казни, јавноста не се противи на нејзиното изрекување итн., итн.[4]

Меѓутоа, затворот не треба да се сфаќа како единствена природна форма на казна. Во многу земји, примената на затворот како форма на казна е од релативно поново време. Во светот постојат мноштво локални заедници со културни традиции стари милениуми што се потпирале на алтернативни начини на казнување. Низ историјата се покажа дека затворската казна е контрапродуктивна во рехабилитацијата и реинтеграцијата на лицата осудени за полесни кривични дела, како и за одредени ранливи популации. Сепак, во практиката, низ целиот свет употребата на затворската казна бележи

---

[3] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ“ бр. 99/19, 220/19 и 236/22).

[4] Сулејманов, З. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија, стр. 424.

зголемување, додека, пак, има малку докази дека нејзината зголемена употреба ја подобрува јавната безбедност.

Долготрајната примена на казната затвор ги демантираше сите позитивни ефекти што се очекуваа во однос на успешната ресоцијализација и социјална адаптација на поранешните затвореници и се увиде дека затворот не нуди можност за отстранување на психолошките и социјални причини за криминалното однесување, туку наметнување зло поради стореното зло.[5]

Во минатото, казнените законодавства не го познавале институтот индивидуализација на осудата, а таа за првпат била претставена во Кривичниот законик на Франција во 1810 година. Во претходниот француски Кривичен законик од 1790 година, казните биле утврдени на апсолутен начин. По Француската буржоаска револуција се создале поволни услови за формирање институции за извршување на казните лишување од слобода врз основа на прокламираните принципи на хуманистите и протагонистите на револуцијата. Хуманизацијата на затворите, пак, долги години е цел на сите затворски реформи.

Историски гледано, барањето за индивидуализација на кривичните санкции зависеше од сфаќањето за причините на криминалитетот и усвоениот концепт за целите на казнувањето. Тоа придонесе овој принцип различно да се конципира и да се пренагласува, било неговата објективна или субјективна страна, односно кривичните санкции да се приспособуваат на карактеристиките на стореното кривично дело – на неговиот вид и природа, на околностите под кои е сторено (место, време, средства и начин на извршување), на тежината на последиците и неговото значење во конкретните животни услови или, пак, – кривичните санкции да се приспособуваат на карактеристиките на сторителот на кривичното дело, т. е. на својствата и околностите од субјективна природа.[6]

Начелото на индивидуализација, според мислењето на правните теоретичари, претставува „концентрат на криминално-политичките определби што стојат зад големото свртување кон личноста на деликвентот“[7]. Тоа, во суштина, значи дека казната и другите санкции треба да ги погодат правата и слободите на конкретниот сторител, а не да претставуваат средства за задоволување апстрактна справедливост. Може да подвлечеме дека начелото на индивидуализација е стожерно начело на казненото право, како и основно начело при судското одмерување на казната.

Јасно определените цели на казнената политика, исто така, придонесуваат за примена на индивидуализацијата на казната. Кога целите на казнувањето се прецизно определени во закон или истите тие недвосмислено произлегуваат од самиот казненоправен систем на една држава, тогаш на судиите им е олеснет изборот на вид и мера при одредувањето на казната.

Во пенолошката литература се употребува изразот индивидуализација на третманот, а тоа подразбира приспособување на методите на постапување спрема различни категории сторители на кривични дела во постапката за извршување на казната затвор или други кривични санкции што подразбираат лишување од слобода.

Во казненото право, индивидуализација на казната значи дека на сторителот на кривичното дело ќе му се изрече онаа казна со која, по оцена на судот, најдобро ќе се оствари целта на примената на кривичната санкција. Да се индивидуализира казната значи да се конкретизира казната што е утврдена и пропишана во закон, чиј основ е апстрактна општествена опасност на пропишаното кривично дело спрема конкретна општествена опасност од извршеното кривично дело. Од тесната поврзаност на

[5] Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи на затворот. Скопје: НИП Студентски збор, стр. 29.
[6] Сулејманов, З. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија, стр. 443.
[7] Камбовски, В. (2004). Казнено право – општ дел, Скопје: Култура, стр. 276.

индивидуализацијата на казната со остварувањето на целта на казнувањето произлегува дека станува збор за едно од значајните начела на политиката за сузбивање на криминалитетот. Мора да напоменеме дека и научните сознанија и резултатите од практиката укажуваат дека основната цел на казнувањето подобро се остварува ако е изречена казна што е приспособена на личноста на сторителот и тежината на извршеното кривично дело, односно на степенот на кривичната одговорност.

Историски гледано, значаен придонес за индивидуализацијата на казната во казненото право дале учењата на антрополошката и позитивната школа. Прифаќањето на специјалната превенција, како една од целите на казнувањето, нужно довело до сфаќање дека при изборот и одмерувањето на казната мора да се води сметка за тоа на кого му се изрекува казната. Со други зборови, со примената на казната се намерува да се постигне поправање и превоспитување на сторителот на делото, тогаш казната мора да се индивидуализира спрема неговата личност. Ова, секако, не значи дека при индивидуализацијата на казната целосно се занемаруваат природата и тежината на стореното кривично дело, туку само „се поместува тежиштето“ од чисто објективни критериуми и на субјективни околности.

При одредувањето на целите на индивидуализацијата мора да се појде од нејзините функционални поврзаности со целите на примената на кривичните санкции. Исто така, кога станува збор за индивидуализација на кривичните санкции, се подразбира одлучувањето на судот за тоа кој вид кривична санкција ќе се примени во конкретен случај на конкретен сторител за конкретно извршено кривично дело. Имајќи предвид дека современото казнено право располага со различни кривични санкции, се овозможува во конкретен случај да се реагира со различни мерки на казненото право, па така, судот може да изрече: казна затвор, парична казна, но и алтернативни мерки, како и мерки на безбедност. Токму при тој избор се индивидуализира санкцијата имајќи ги предвид извршеното кривично дело и личноста на сторителот.

Денес, индивидуализацијата на казната е прифатена во најголемиот број законодавства во светот како еден од основните принципи на политиката за сузбивање на криминалитетот. Во оваа насока, треба да истакнеме дека алтернативното пропишување повеќе казни за одредено кривично дело му овозможува на судот да ја примени индивидуализацијата при донесувањето на својата одлука. За индивидуализирање на законски пропишаните казни спрема конкретен сторител на кривично дело, од особено значење се овластувањата на судот во поглед на примената на олеснителните и отежнителните околности, потоа законските можности за ублажување на казната или нејзино заострување, начинот на кој е регулирано одмерувањето на казната за кривичните дела извршени во стек итн.

Концепцијата дека индивидуализацијата најцелисходно може да се оствари преку принципите на законска, судска и пенитенцијарна (казнено-поправна) индивидуализација.

Законската индивидуализација се заснова врз конкретните околности на кривичното дело и сторителот на делото. Основ за индивидуализација на кривичните санкции претставува Кривичниот законик поради тоа што при инкриминирањето на определени поведенија како кривични дела ги одредува видот и висината на кривичните санкции, но и содржи низа институти што овозможуваат нивна модификација и практично приспособување на конкретниот сторител на кривично дело. Сепак, Кривичниот законик само апстрактно ги пропишува облиците на кривичното дело и се определува за релативно определени казни за сторителите, пред сè, поради својот нормативен карактер со кој не е во можност да ја достигне нивната конкретизација во сите поединечни случаи. За остварување на принципот на индивидуализација особено значење имаат одредбите за одмерување на казната, и тоа општите и посебните правила

што се однесуваат на ублажување на казната, ослободување од казна, одмерување на казната за кривични дела во стек, одмерување на казната во случај на поврат итн.[8]

Со определување конкретна казна во рамките на она што законот го предвидел за апстрактно кривично дело, односно со конкретизација на законските одредби од страна на судот при изрекувањето на казната – се преминува од законска во судска индивидуализација на казната. На овој начин се доаѓа до подрачјето на одмерувањето на казните, односно до механизмот на сообразување на казненоправната репресија во конкретно пројавената општествена опасност од стореното кривично дело и сторителот на делото.

Според тоа, судската индивидуализација се состои од избор на видот и висината на кривичната санкција за сторено конкретно кривично дело спрема конкретен сторител од страна на судот при донесувањето на својата одлука со цел да се остварат целите на казнувањето. Сметаме дека покрај генералната и специјалната превенција, мора да се почитува принципот на праведност, но и интересот на жртвата на кривичното дело.

При одредувањето на казната, судот треба да ја има предвид целта на казнувањето, но и сите оние околности што влијаат казната да биде повисока или пониска (т.н. отежнувачки и олеснителни околности), а особено степенот на кривична одговорност на сторителот, побудите од кои е извршено кривичното дело, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои е извршено кривичното дело, животот на сторителот пред извршувањето на кривичното дело, неговите лични околности, неговото однесување по извршувањето на кривичното дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот на кривичното дело. Со ова му се дава овластување на судот, откако ќе ја утврди вината кај конкретен сторител за стореното конкретно кривично дело, да може да пристапи кон избор на видот и мерата на казната. Притоа, судот е обврзан одмерувањето на казната да го изврши во рамките на законски пропишаните казни за стореното кривично дело, кои, со оглед на тоа што во нашиот систем на релативно определени казни се доволно широко поставени и не претставуваат некое битно ограничување на судот, но, во секој случај, се важен елемент за определување на границите во кои може да се користат наведените околности.

Доколку одговорно се придржува кон сите овие правила, судот во голема мера може да успее во приспособувањето на видот и мерката на изречената казна на сторителот на кривичното дело со оглед на неговата личност, тежината на делото и околностите под кои тоа е сторено, и на тој начин да придонесе за правилно спроведување на казнената политика. Тоа значи дека доколку, со оглед на општото правило за одмерување на казната, совесно се оценат и се утврдат сите околности што се однесуваат на степенот на вината на карактеристиките на личноста на сторителот, а постојат во фазата на подготвувањето или извршувањето на кривичното дело, можно е такво одмерување на казната што ќе биде најблиску до целите прифатени во нашето кривично право.[9]

Принципот на судската индивидуализација треба да се разликува од поимот судско одмерување на казната. Овие поими не се истоветни, бидејќи со вториот се опфаќа одмерувањето на казната од страна на судот во предвидените законски рамки за стореното дело, ублажувањето и ослободувањето од казната, како и нејзината замена со парапенални санкции, вклучувајќи го, покрај казната и изрекувањето мерки на безбедност. За разлика од вака сфатениот поим на судското одмерување на казната, судската индивидуализација е поширок поим, кој во себе, покрај одредбите за

[8] Види и: Сулејманов, З. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија, стр. 443–444.

[9] Ibid., стр. 446–447.

одмерувањето на казната, ја вклучува и примената на сите можности што во таа смисла ги даваат напред наведените кривичноправни институти.[10]

Пенитенцијарната или казнено-поправната индивидуализација, наречена уште и извршна индивидуализација, по претходно испитување на личноста на осуденото лице, означува извршување на кривичните санкции приспособени спрема потребите на осуденото лице од страна на надлежните органи за извршување на санкциите, а со цел успешна ресоцијализација и реинтеграција на осуденото лице.

Од самиот поим на пенитенцијарната индивидуализација веднаш се забележува дека таа се остварува во казнено-поправните установи, а нејзината цел е ресоцијализација на деликвентите. Таквото сфаќање во оваа фаза на индивидуализацијата овозможува личноста на деликвентот да се уважува неограничено за разлика од претходните фази, каде што, како што видовме, покрај неа мора да се уважуваат и други принципи. Овде принципот на индивидуализација доаѓа до полн израз и нему, како примарен, му се подредени сите други принципи на казната лишување од слобода. Меѓутоа, и во оваа фаза, индивидуализацијата мора да има извесни граници што ќе претставуваат гаранција дека казната нема да го загуби својот карактер на општествена осуда за стореното кривично дело. Имено, според сфаќањата на некои автори, индивидуализацијата не смее да доведе до спуштање на траењето на казната лишување од слобода под нејзините долни граници определени со условниот отпуст.[11]

Извршната индивидуализација се остварува преку продлабочено стручно проучување на личноста на осуденото лице во специјализирани казнено-поправни установи, и тоа во рамките на класификациски групи во кои се преземаат планирани и програмирани мерки на третман и ресоцијализација. Таа се остварува и со други средства, како што се: погодностите и дисциплинските казни, наградите, условниот отпуст итн. Меѓутоа, од посебно значење е тоа што извршната индивидуализација се спроведува низ класификациски групи зашто практично не е изводливо да се обезбеди посебен индивидуализиран третман за секое осудено лице, ниту, пак, тоа е потребно зашто постојат голем број добро приспособени лица за кои индивидуализираниот третман, односно превоспитувањето не е потребно. Во таа смисла, класификацијата воопшто е помошен инструмент и метод за практично спроведување на принципот на извршната индивидуализација.[12]

Индивидуализацијата не е цел за себе и таа мора да биде подредена од основната цел казнување, односно овозможување и постигнување оптимални можности за ресоцијализација на осудените лица. Дополнително, законската, судската и пенитенцијарната индивидуализација не се самостојни и засебни фази на казнувањето, напротив, тие се зависни и функционално поврзани фази на начин што остварувањето на наредната фаза во приспособувањето на казната придонесува да се почитува и да се остане доследен на остварувањето на целите на казнувањето. Воедно, преку утврдување на сите околности што се однесуваат на кривичното дело и на сторителот на делото, може да се определи соодветна казна што ќе им одговара, како на целите на ресоцијализацијата, така и на превенцијата на криминалитетот.

Сметаме дека при индивидуализацијата на казната особено треба да се внимава на: (1) широки дискрециони овластувања во законските решенија што лесно би станале

---

[10] Ibid., стр. 445–446.

[11] Повеќе за ова, види кај: Kambovski, V. Neka razmatranja o individualizaciji i izvršenju kazni lišenja slobode, Penologija, 1976/2, стр. 163–164.

[12] „Секоја класификација е, всушност, групирање на различни личности спрема кои би можело да се преземат слични постапки на превоспитување. Тоа значи остварување од принципот на индивидуализацијата што од практични причини е нужно.“ Vodopivec, K. i dr. (1966). Kriminologija, I deo, Zagreb: Narodne novine, op. cit., str. 154.

средство за остварување разни политички, финансиски или друг вид интереси при водењето постапки за едни наспрема други сторители на кривични дела; (2) воспоставување казненоправен систем што не остава простор за индивидуализација на видот и мерката на казната; (3) различен третман на сторители на ист вид кривично дело, доколку не се води сметка на различните индивидуални својства на сторителите (општествени, психолошки, социолошки, економски и други фактори).

## 2. ПРОУЧУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТА НА ДЕЛИКВЕНТОТ КАКО ЗНАЧАЈНА ПРЕТПОСТАВКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

Крајната цел на една кривичноправна постапка е за донесената осудителна пресуда за одреден кривичен настан, за кој осудениот е огласен за виновен и спрема кој е изречена кривичноправна санкција, санкцијата да биде извршена на начин и постапка пропишани, односно регулирани со Закон. Извршувањето на санкцијата определена со правосилна пресуда претставува остварување на содржината наведена во изреката на самата пресуда, што е регулирано со посебен закон, а тоа е Законот за извршување на санкциите.[13]

Со овој закон се уредува извршувањето на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци. Санкции изречени за кривични дела чие извршување се уредува со овој закон се казните, алтернативните мерки спрема деца, мерките на безбедност и воспитните мерки. Санкции изречени за прекршоци чие извршување се уредува со овој закон се: глоба, престанок на важење на возачка дозвола, забрана на управување со моторно возило, забрана за вршење професија, дејност или должност, протерување странец од земјата, забрана за влез и присуство на спортски натпревари, општокорисна работа, забрана на користење субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија и воспитните мерки.

Согласно Законот за извршување на санкциите, казната затвор, мерката притвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во казнено-поправни и воспитно-поправни установи. Казнено-поправните установи може да бидат казнено-поправни домови и затвори. Воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во воспитно-поправни домови.

Основната цел на казнено-поправните установи е преку изолација на сторителот на кривичното дело да се обезбеди дејството на казната како врз планот на специјалната, така и на подрачјето на генералната превенција со цел спречување општествено штетни поведенија со кои се повредуваат или се загрозуваат општествените вредности.[14]

Современата пенолошка теорија и практика во врска со остварувањето на ресоцијализацијата сериозно внимание им посветува на прашањата поврзани со ефикасноста на одделните видови третман што се применуваат во текот на извршувањето на кривичната санкција. Додека истражувањата во оваа област порано беа ориентирани главно кон етиолошките проблеми на криминалитетот, што беше последица на една традиционална ориентација во криминологијата и пенологијата, денес тие се свртени кон проучување на личноста на деликвентот со цел примена на

---

[13] Милошески, А., Пајазити, П., Димовска, Д., Мујоска Трпевска, Е. (2023). Анализа на Законот за извршување на санкциите (предизвици, практични проблеми, решенија). Скопје: Здружение на судиите на Република Северна Македонија, стр. 18.

[14] Сулејманов, З. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија, стр. 453.

соодветна класификација и средства и методи на третман што одговараат на потребата за нејзина ресоцијализација.[15]

Меѓутоа, ако главната цел на казната лишување од слобода е превоспитување на осудените лица и нивно враќање во општеството, тогаш, несомнено, тоа најдобро се постигнува ако се избере пенален третман што најмногу ќе одговара на личноста на осуденикот. За да се постигне, пак, таква индивидуализација, нужно е да се проучат и да се запознаат својствата на личноста на секој осуденик.[16]

Имајќи предвид дека секој поединец е личност со посебни карактеристики, тоа значи дека во извршувањето на кривичните санкции е потребен соодветен индивидуален пристап. Принципот на индивидуализација се сведува на барањето извршувањето на казната да биде приспособено на личноста на осуденикот, лицето лишено од слобода да се третира во согласност со неговите персонални карактеристики и превоспитувачки можности. Проучувањето на личноста на осуденото лице е почетна точка во остварувањето на индивидуализацијата.

Имено, за да може успешно да се спроведе процесот на ресоцијализација, неопходно е да се примени соодветен третман на осудените лица. Основната претпоставка, пак, за спроведување индивидуализација е сестрано проучување на личноста на осуденото лице. Преку постапка што се нарекува опсервација, а со примена на соодветни проверени научни методи, во практиката се врши детално и систематско проучување на личноста на осуденото лице со цел да се определат адекватни облици, методи и средства за индивидуален третман на истото лице. Во досегашната практика може да се забележи дека третманот на осудените лица значително влијае врз нивниот тек на ресоцијализација и затоа треба да се посвети соодветно внимание за да се намали рецидивизмот, а со тоа и криминалитетот.

Принципот на индивидуализација е тесно поврзан со набљудувањето на затворениците, нивната класификација и категоризација на казнено-поправните установи, бидејќи првото се јавува како претпоставка на индивидуализација, а второто и третото како средства за нејзино остварување. Прашањето за класификација на осудените лица е битно, бидејќи од него зависи функционирањето на затворските установи, но и остварувањето на целите и поентата на изречената санкција. Класификацијата на затворениците е директно поврзана со нивното набљудување и ресоцијализација бидејќи спроведувањето индивидуализиран третман е невозможно без соодветна казнено-поправна класификација на овие лица. Класификацијата, пак, се заснова врз хоризонталната и вертикалната класификација на затворениците. Хоризонталната класификација е распоредување затвореници во одредени видови казнено-поправни установи. Таа се врши врз основа на објективните и надворешните (главно законски предвидени) карактеристики на овие лица, па затоа се нарекува и „надворешна“ класификација, а бидејќи нејзината цел е да издвојат одредени групи затвореници меѓу кои е неопходно (било од хигиенски или од морални причини или за да се спречи идна криминална активност) да се оневозможат какви било контакти. Оваа класификација уште се нарекува и „негативна“ класификација. Вертикалната класификација претставува класификација во вистинска смисла на зборот и таа се врши во самите казнено-поправни установи, со поделба на осудените лица во помали групи со цел да се утврди и да се примени соодветен облик на третман, а бидејќи се заснова врз нивните внатрешни, односно субјективни карактеристики, уште се нарекува и

[15] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв и втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 274.

[16] Сулејманов, З. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија, стр. 453.

„внатрешна“ или „позитивна“ класификација. Моделот на организирање на извршувањето на затворските казни, кој се заснова врз ресоцијализација на осудените лица, се фокусира на вертикалната класификација. Утврдувањето на вината, одговорноста, изрекувањето и извршувањето кривични санкции се однесува на поединецот поединечно и лично.

Законот за извршување на санкциите пропишува дека системот на извршувањето на казната затвор се организира така што може во одвоени установи или во одвоени одделенија на одделни установи и групи во нив да се спроведат распоредување, класификација и разместување на одделни категории осудени лица, со цел полесно спроведување различни видови третман, спречување меѓусебно штетно влијание на осудените лица и одржување на дисциплината. Исто така, во одредбите на Законот е предвидено дека во установа за извршување на казната затвор, осудените лица се класификуваат според неопходноста за примена на мерки на третман и видот на потребниот третман, нивната возраст, личните карактеристики и други околности од значење за оцена на личноста на осуденото лице. При распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица, законот предвидел дека мора да се имаат предвид видот и природата на кривичното дело и степенот на кривичната одговорност.

Посебно внимание при издржувањето на казната затвор треба да се посвети на програмата за постапување од областа на работата и вработувањето на осудените лица како важен фактор за нивна ресоцијализација. Работата на осуденото лице е негово право, но и негова обврска. Пред сѐ, работата има едукативен карактер што покажува дека некои особини може да се променат преку работа и пракса. Осуденото лице што додека издржува затворска казна стекнува одредени работни вештини и се оспособува за одредена професија може полесно да најде работа на отпуст и со тоа да стекне материјални средства за живот и да ја намали можноста за извршување нови кривични дела.

Третманот на осудените лица во текот на слободното време влијае и врз нивната ресоцијализација, бидејќи нивното време се состои од работа и „слободно“ време, што секако има поинакво значење од слободното време на другите луѓе. Добрата организација на слободното време (разни спортски активности, учество на осудени лица во секции организирани од установата и сл.) ја намалува можноста за формирање неформален систем и нивното негативно влијание врз осудените лица.

Осуденичката популација, во просек, има многу ниско ниво на образование, па потребата за нејзино образование е сѐ поизразена. Образованието на осудените е важен фактор за ресоцијализација на оние што мора да посветат големо внимание. Напредокот во однос на воспитно-образовниот третман се рефлектира во усвојувањето на филозофијата на образованието на возрасните, која промовира активно учество, како и реализација и изградба на едукативни содржини во согласност со потребите на осудените лица. Во пенолошката литература се истакнуваат докази што сугерираат дека некои современи примери на образовни центри во затворите (како што се оние во скандинавските земји) се перципираат како место на „светилиште“ или „безбеден простор“ во затворската средина, што помага да се обезбеди ефективна рамнотежа наспрема негативните ефекти од затворањето и престојот во затворите. Европските затворски правила ја нагласуваат неопходноста секоја казнена установа да организира сеопфатна образовна програма со цел да им се обезбеди можност на сите затвореници да задоволат барем дел од нивните индивидуални образовни потреби и аспирации. Сепак, мора да напоменеме дека неолибералните трансформации во доменот на затворските системи ја променија и природата на односите во затворите и го намалија значењето на образованието во затворскиот систем.

Во програмата за третман на осудените лица е вклучено и прашањето за слободата на вероисповед како еден од факторите на ресоцијализација и почитување на човековите права при издржување на затворската казна. Сите осуденици имаат право да ја исповедаат својата вера додека ја издржуваат казната, како и посета на свештеник, доколку сакаат.

Покрај другото, значајно место во процесот на ресоцијализација имаат и посебните права што осудените ги користат додека ја издржуваат казната, без оглед дали е тоа во установата или надвор од неа. Во зависност од постигнатото ниво на превоспитување, должината на казната, кривичното дело, однесувањето, посветеноста и резултатите во работата и воспитно-образовниот процес, осудените лица ќе користат и одредени поволности што сигурно силно ги мотивираат да го почитуваат куќниот ред на институцијата и колку што е можно повеќе лично да се вклучат во програмата на сопствената ресоцијализација.

Успешноста на ресоцијализацијата зависи, пред сè, од степенот на обучување на вработените и нивната мотивираност за работа. Исто така, неопходно е да се посвети посебно внимание при изборот на кадри за работа во казнените установи, бидејќи покрај формалните услови, тие мора да имаат и предиспозиции за работа во такви услови, што може да се потврди со тестирање на кандидатите при приемот на вработување. Врз успехот на ресоцијализацијата, секако, влијаат и условите за работа, кои не секогаш се на задоволително ниво во сите институции за извршување на казнените санкции поради пренатрупаност и несоодветно сместување на осудените лица, што резултира со создавање дополнителна тензија што го забавува процесот на ресоцијализација.

## 3. РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА КАКО КОНСТИТУТИВЕН ЕЛЕМЕНТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Во текот на извршувањето на казната лишување од слобода, осуденото лице што било во судир со правните норми треба да се превоспита со цел по излегувањето од затворската установа назад во слободното општество, да биде свесно дека е должно да ги почитува воспоставените и општоприфатени норми и вредности. Тоа се постигнува со коригирање на општествено негативните сфаќања, навики и мислења кај осуденото лице и структурирање на неговата личност врз основа на општествено прифатливите ставови, мислења и вредности што дадената личност ја прават општествено позитивна. Треба да му се помогне на осуденото лице да сфати дека неговите проблеми не произлегуваат само од општеството, туку дека тие се производ на неговата личност, неговата перцепција за реалноста, неговите мотиви, желби и други слични персонални својства. Ако успее да ги сфати своите проблеми, може да се очекува дека ќе го усогласи своето однесување со важечките законските норми и дека нема да дозволи повторно да потпадне под влијание на своите слабости, фрустрации и разни девијации. Клучно е, значи, менувањето на неговиот личен однос кон општествената средина и кон другите лица врз база на содржини усвоени во процесот на ресоцијализација.

Ресоцијализацијата, покрај изолацијата и казнувањето, претставува основен конститутивен елемент на казната затвор. Значи, покрај казнувањето и изолацијата, кои претставуваат нејзина суштинска страна, нејзина основна цел и функција е ресоцијализацијата на осудените лица.

Ресоцијализацијата на осудените лица е едно од основните прашања во пенологијата и предмет на нејзиното проучување, па дури и, според мислењето на некои автори, главен предмет на современата пенологија. Таа воедно е во функција на специјалната и терцијарната превенција. Но, од нејзиното воспоставување, па до денес, таа е изложена на сериозни критики, па дури и негирања, поаѓајќи од резултатите,

односно ефектите што ги има во нејзиното имплементирање. Сепак, може да констатираме дека сè уште не е пронајден подобар концепт, односно поефикасен начин за враќањето на осудените лица во нормални (просоцијални) облици на однесување и односи. Во современи услови се бараат модификации или усовршувања на основниот концепт на ресоцијализација со првенствена цел – да се зголеми нејзината ефикасност, а кој не се сведува само на намалување на рецидивизмот.[17]

Ресоцијализацијата претставува повеќедимензионален процес што не може да се сведе само на сторување/несторување ново кривично дело, туку може да се сфати само како единствен процес на активности и мерки што се насочени кон остварување позитивни промени во општественото однесување на деликвентот. Целта на тие промени е деликвентот да ги напушти општествено неприфатливите и казниви обрасци на општествено поведение и повторно да се приспособи на нормите на општествената заедница на начин на кој нормите и важечките вредности во општеството ќе ги прифати како свој образец на однесување.[18]

Смислата на ресоцијализацијата се состои во оспособување на осуденото лице да ги почитува општествените вредности, на таа основа повторно да се вклучи во општеството и на тој начин да стане корисен член на заедницата, иако треба да знае дека тоа оспособување не оди едноставно и без тешкотии. Напротив, осудениот наидува на многу пречки и препреки. Не е лесно осудениот да се научи да го прифати однесувањето на човекот како културно битие, да се однесува во духот на барањата на општествената средина преку зачувување извесни мерки на сопствена самостојност и автономија.[19]

Ресоцијализацијата станува актуелна со воведувањето на казната лишување од слобода кога затворите, во споредба со своите поранешни намени, добиваат нова и поинаква функција, функција на превоспитување. Тоа, во суштина, е враќање од асоцијалниот начин на живот на прифатливи начини на однесување и односи, односно повторно вклучување на девијантната личност во редовниот тек на животот и работата. Од денешен теоретски аспект, концептот на ресоцијализација подразбира мултидисциплинарен пристап кон осуденото лице и соработка на сите субјекти од различни профили и професионални квалификации што се носители на процесот на ресоцијализација.

Ресоцијализацијата се остварува како процес со примена на современи средства и методи на влијание врз личноста на осуденото лице, со цел да остварат соодветни промени во карактерот, темпераментот, системот на вредности, начинот на однесување, како и промени на социјалните услови на живот и работа на осуденото лице.[20]

Ресоцијализацијата значи враќање на осудените лица во општествената заедница, оспособени да живеат општествено усогласен живот, како и нормално и успешно да ги извршуваат општествените работи. Од ресоцијализацијата се очекува да ги измени оние лични својства на осудениот што се поврзани со криминално однесување, трајно да го

---

[17] Бачановиќ, О. (2016). Ресоцијализација на малолетните престапници (влијанието на Новата општествена одбрана; поим и разграничување од други сродни поими; основни принципи). Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 23, бр. 1. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[18] Špadijer-Džinić, J., Ignjatović, I., Radovanović, D. Kriterijumi merenja uspešnosti resocijalizacije maloletnih delinkvenata, Zbornik Instituta za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, br. 4/1975, str. 275, дискутирано во: Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв и втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, стр. 249.

[19] Јовчева, А. (2014). Социјална интеграција на поранешно осудени лица (магистерски труд). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“, стр. 16.

[20] Арнаудовски, Љ. (1988). Пенологија: наука за извршување на санкциите. Скопје: Правен факултет.

отстрани криминалното однесување на таквите лица и на тој начин да ги оспособи за интеграција во општествениот живот. За да се постигне оваа цел на ресоцијализација, осудените лица треба да се превоспитаат на тој начин што ќе ги прифатат позитивните општествени вредности и ставови. Ова претставува создавање свест за обврска и правилен однос кон општествените проблеми што недостигаат кај голем број осудени лица.

По завршувањето на затворската казна, осудениот треба повторно да се вклучи во општествената средина. Смислата на ресоцијализацијата се состои во оспособување на осуденото лице да ги почитува општествените вредности, на таа основа повторно да се вклучи во општеството и на тој начин да стане корисен член на заедницата, иако треба да знае дека тоа оспособување не оди едноставно и без тешкотии. Напротив, осудениот наидува на многу пречки и препреки. Не е лесно осудениот да се научи да го прифати однесувањето на човекот како културно битие, да се однесува во духот на барањата на општествената средина преку зачувување извесни мерки на сопствена самостојност и автономија.

Осуденото лице треба да сфати дека неговите проблеми не произлегуваат само од општеството, туку дека тие се производ на неговата личност, неговата перцепција за реалноста, неговите мотиви, желби и други слични својства. Ако така ги сфати своите проблеми, може да се очекува дека ќе го усогласи своето однесување со законските норми и дека нема да дозволи повторно да потпадне под влијание на своите слабости, фрустрации и разни девијации во својата личност. Во тој случај, осудениот го менува својот однос кон општествената средина и кон другите лица, а го менува врз база на содржини усвоени во процесот на ресоцијализација, односно содржини што се насочени кон тоа да ја разбудат и да ја развијат свеста за штетноста од кривичните дела не само за пошироката општествена заедница, туку и за сопствениот самостоен и општествено адаптиран живот. Целта би била постигната кога осудениот ќе може успешно и безболно повторно да се адаптира во општествената средина, но овој пат без вршење кривични дела. За таквиот осуденик може да се каже дека е социјално адаптиран, односно дека е постигната неговата ресоцијализација.

Доколку кривичното дело е веќе извршено, се предлага превоспитување на неговиот сторител со полно почитување на неговата личност и права. Основен стремеж на оваа концепција е сосредоточување на личноста. Се тежнее престапникот да биде превоспитан и од него да се направи социјализирана личност со општествено посакуван став и однесување, на кого ќе му бидат туѓи антисоцијалните стремежи, склоности, акции. Се бара комплексно изучување на личноста, на нејзиниот развој, социјализација. Во врска со тоа, ова движење бара соодветен казнен систем што ќе се заснова врз проучување на осуденото лице, на примена на третман што најдобро ќе води кон негова ресоцијализација и грижа за него по издржаната казна затвор, а со цел негово целосно вклучување во нормалниот тек на животот. Најширокиот карактер на ова движење се состои во спречувањето на криминалитетот и поправањето на извршителите на кривичните дела, со што е помалку можна примена на репресивни методи. Доаѓа до израз тежнеењето кон превенцијата што ја наоѓаме во теоријата на класичната школа на криминалитетот и нејзиниот зачетник Бекарија.[21]

[21] Pantazijević-Stanojević, M. (1989). Resocijalizacija-istorijsko-leksičko tumačenje pojma, Beograd: Bezbednost i društvena samozaštita, str. 50.

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Без оглед на тоа дали се следи утилитарниот пристап или ретрибутивната филозофија, индивидуализацијата на казната мора да биде главен принцип при одмерувањето и утврдувањето на казната на виновен сторител на казнено дело. Сметаме дека со индивидуализација на казната ќе се постигнат целите на казнувањето и ќе може да се оствари идеалот за правда.

Спротивно на тоа, пак, несразмерното изрекување строги казни би можело да доведе до антипатија кон институциите на системот. Воедно, изрекувањето непропорционално строги казни би означувало загрозување на човековите слободи и права, но и неспособност со посоодветни мерки да се заштитат општите добра. Токму поради тоа, да се индивидуализира казната значи да се најде соодветна рамнотежа помеѓу тежината на стореното дело и индивидуалноста на сторителот, а воедно и да се пронајде најсоодветната казна што би била пропорционална на извршеното кривично дело.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1) Арнаудовски, Љупчо. (1988). Пенологија: наука за извршување на санкциите. Скопје: Правен факултет;
2) Арнаудовски, Љупчо и Груевска-Дракулевски, Александра. (2013). Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија (прв и втор дел). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип;
3) Бачановиќ, Оливер. (2016). Ресоцијализација на малолетните престапници (влијанието на Новата општествена одбрана; поим и разграничување од други сродни поими; основни принципи). Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 23, бр. 1. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
4) Јовчева, Александра. (2014). Социјална интеграција на поранешно осудени лица (магистерски труд). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“;
5) Камбовски, Владо. (2004). Казнено право – општ дел, Скопје: Култура;
6) Kambovski, Vlado. Neka razmatranja o individualizaciji i izvršenju kazni lišenja slobode, Penologija, 1976/2;
7) Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003). Алтернативи на затворот. Скопје: НИП Студентски збор;
8) Милошески, Александар; Пајазити, Пајазит; Димовска, Даниела; Мујоска Трпевска, Елена. (2023). Анализа на Законот за извршување на санкциите (предизвици, практични проблеми, решенија). Скопје: Здружение на судиите на Република Северна Македонија.
9) Сулејманов, Зоран. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија;
10) Pantazijević-Stanojević, Milica. (1989). Resocijalizacija-istorijsko-leksičko tumačenje pojma, Beograd: Bezbednost i društvena samozaštita;
11) Vodopivec, Katja i dr. (1966). Kriminologija, I deo, Zagreb: Narodne novine;
12) Špadijer-Džinić, J., Ignjatović, I., Radovanović, D. (1975). Kriterijumi merenja uspešnosti resocijalizacije maloletnih delinkvenata, Zbornik Instituta za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, br. 4/1975;

13) Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ“ бр. 99/19, 220/19 и 236/22).

**Ilija JOVANOV, Ph.D. Student**[22]

## INDIVIDUALIZATION OF THE PRISON SENTENCE AND STUDY OF THE PERSONALITY OF CONVICTED PERSONS AS A FUNCTION OF THEIR PROPER RESOCIALIZATION

**Abstract**

Crime and punishment are linked as cause-and-effect correlatives in order to ensure the stability and harmonious coexistence of people in society. Deprivation of liberty is one of the most potent weapons in the arsenal of a state. As a result, that power must be wielded with due regard for the rule of law and human liberties and rights. In criminal law, the principle applies that every person who commits a crime and who is criminally responsible should be appropriately sanctioned in accordance with the law. The decision whether a sentence will be imposed or the accused person will be released is made by an independent and impartial court established by law through prior implementation of a fair and just procedure. If there is sufficient evidence that proves the guilt of a specific accused person for a specific criminal act, when determining and measuring the punishment, the judge, applying the principle of free judicial conviction, determines the type and amount of the punishment that would achieve the goals of the punishment which realizes the principle of individualization of punishment. This principle can also be called a postulate of criminal law. The purpose of serving the prison sentence is to enable convicted persons to integrate into society with the best prospects for an independent life. The process of resocialization of convicted persons, on the other hand, is a fundamental function of penitentiary and correctional institutions.

**Keywords:** punishment, prison, convicts, resocialization.

[22] Ph.D. Student in the study program Criminal Law at the "Iustinianus Primus" Law Faculty in Skopje at the "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje. E-mail: ilija_jovanov@yahoo.com